# Интеграција на македонскиот пазар на капитал со финансиските пазари на Балканот: перспективи и можности за максимизација на приносот од хартии од вредност

**Раководител на проект:** Проф. Д-р Јулијана Ангеловска

**Нарачател:** Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Изведувач:** Економски факултет, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Оправданост на истражувањето:**

На крајот на март 2016 година се основа СЕЕ Линк, регионалната платформа преку која се поврзани Бугарската, Загребската и Македонската берза, која е поддржана од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), и стана целосно оперативна со лансирањето на системот за пренасочување на налозите за тргување. СЕЕ Линк платформата ќе помогне да се интегрираат домашните пазари на капитал со вкупна пазарна капитализација од 30 милијарди долари. 22 членки на берзите од Бугарија, Хрватска и Македонија се очекува да пристапат и да се поврзат преку СЕЕ Линк платформата преку која вкупно 387 акции котирани на трите берзи ќе бидат достапни за тргување и размена на налози. Постои интерес за поврзување кон платформата и на Белградската и Словенечката берза. Системот има за цел да се зголеми ликвидноста и да се подобри пристапот на инвеститорите и локалните брокери. Дали истиот ќе им овозможи на инвеститорите и диверсификација на ризикот со цел остварување на максимизација на профитот со најнизок ризик.

За постигнување максимизација на приносот од хартии од вредност и минимизирање на ризикот во исто време, потребна е ефикасна диверсификација. Диверсификацијата значи избор на хартии од вредност кои имаат низок степен на корелација односно нивната цена не реагира на ист начин на новините на финансискиот пазар, на политичките промени и промените во реалниот сектор на економијата. Географската диверсификација обезбедува подобри можности за хеџирање на ризикот. Тоа е возможно доколу цените во различни пазари на капитал не се движат потполно во ист правец односно пазарите на капитал во различни земји не се интегрирани. Уште поедноставно може да кажеме дека пазарите на капитал се сметаат за интегрирани ако нивните цени имаат тенденција да се движат заеднички, односно еден пазар е воден од друг.

**Цели:** Целта на овој проект е да ги истражи можностите за остварување на максимални профити на македонските инвеститори во рамки на СЕЕ регионалната платформа, а притоа да се диверсифицира ризикот.

**Задачи:** За остварување на целите ќе се анализираат приносите на индексите и акциите котирани на трите берзи. По издвојување на победниците односно акциите со највисоки приноси за да се покаже дали во исто време ќе може и да се диверсифицира ризикот ќе се истражи степенот на нивна корелација и коинтеграција.

**Методологија:** Дескриптивна статистика, корелација, метод на коинтерграција.

**Временска рамка на планираните активности:**

Преглед на релевантна научна литература: 2 месеци

Разговори и дискусии со релевантни експерти за размена на знаења и искуства. Во рамки на оваа активност ќе се одржат две работилници во кое учество ќе земат и студентите, заради подобро запознавање со поставениот проблем, како и остварување контакт со брокери, фонд менаџери и директори од соодветните институции како: брокерски куќи, Берза, инвестициски фондови: 2 месеци

Собирање на податоците и избор на методологија. Во рамки на оваа активност, студентите ќе бидат обучени да ги соберат потребните серии на податоци за ова истражување од достапните датабази: 4 месеци

Анализа на податоците и резултати: 4 месеци

Заклучоци во форма на реален производ: 2 месеци

**Корисници:** Резултатите од ова истражување можат да им послужат на инвеститорите и фонд менаџерите при донесување на одлуки за купување на акции.

**Заклучок - Придобивка:** Проектот има за цел преку анализа на акциите котирани на берзите интегрирани во СЕЕ платформата да им даде на ineвеститорите и фонд менаџерите насоки за избор на акции кои ќе им овозможат максимизација на приносот. Резултатите добиени од истражувањето во рамки на овој проект преку добиениот производ ќе биде достапен дза сите заинтересирани страни. Исто така проектот ќе даде голема придобивка на студентите со нивно вклучување во собирање на податоци, како и линк со финансиот сектор.

**Време:** Септември 2017 до Јуни 2018

**Проектен тим/истражувачи:**
Проф. д-р Јулијана Ангеловска – координатор на проект
Проф д-р Зоран Ивановски
Проф д-р Сашо Кожухаров
**Координатор за методологија на истражување (од изработка до реализација)**:
Доц д-р Благица Новковска
**Координатор за компании и студенти:**
Јаника Карапеткова
**Статистичка обработка на податоци:**
Студенти од Економскиот факултет